Бр./Nr 12-721/4

26-02-2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019),член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од непознат подносител, на 46-а седница, на продолжението на седницата одржано на ден 19 Февруари 2021 година, донесе

**Одлука**

Постапката покрената по пријавата за корупција бр. 12- 5484/1 од 03.12.2019 година доставена од непознат подносител СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-5484 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 5484/1 од 03.12.2019 година.

Предметот со број 12-5484 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-5484 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12- 5484/1 од 03.12.2019 година, доставена од непознат подносител.

Со наводите од пријавата се укажува на сомневања за несовесно работење во службата од службени лица при назначувањето на извршител на работната позиција – работното место Секретар на ---------------- на начин што на посочената позиција било/е назначено лице по однос на кое не биле/се правилно вреднувани пропишаните услови кои треба да ги исполнува извршителот за вршење на работите на работното место Секретар на ---------------.

Така, се наведува дека Секретарот не ги исполнувал условите по однос на степен на обрзование/ЕКТС кредити кои се бараат за предметното работно место, а следствено на тоа се посочува и на незаконитости при определувањето и пресметките на плата од аспект на коефициентите за пресметка на плата и на висината на платата која на наведеното лице му се исплатува сметано од ----------- година кога бил назначен за Секретар на оваа ----------------- и понатаму.

Со пријавата се укажува, исто така, дека ----------------, лице кое е назначено за Секретар на -------------- ----------- од ---------- година, на разни начини, ја злупотребувал службената положба и овластувањата - со вршење на мобинг, со спроведување на тенденциозни дисциплински постапки, со потпшување на решенија за суспензии, решенија за откази на договори за вработување и други.

При постапувањето на предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата поаѓајки од наводите на подносителите, заради целосно утврдување на фактичката состојба изврши и соодветни административни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност на начин што

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

презема процесни дејствија – достава на барања за достава на податоци и информации – со прилог документација, до -----------------------, односно до органот на управување со оваа -------------------------------------.

Последователно, по повод доставените барања, до Државната комисија за спречување на корупцијата е доставен писмен одговор со прилог документација – диплома, уверенија за завршени циклуси на студии, уверение за ниво на познавање на странски јазик, решенија за плата, преглед листа – картица за исплатени плати и копија од актот за систематизација на -----------------------.

Од сите расположиви списи и документација за овој пријавен случај Државната комисија констатира дека наводите на предметната пријава не се потврдуваат, односно дека посоченото лице на денот на назначувањето на работното место Секретар имал стекнати, во ----------------------- година, ---------------- ЕКТС кредити од студии на прв циклус на ----------------------- и стекнати, во -------------------------- година, --------------- ЕКТС кредити од втор циклус на студии од -------------------, а дека допонително се стекнал и со ----------- ЕКТС кредити од втор циклус на студии од -------------------------, со што не се потврдуваат и другите наводи од пријавата кои се однесуваат на незаконити исплати на плата несоодветно на стекнатото образование.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај и по целосно проучување на сите списи - Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека наводите од пријавата не укажуваат на корупција – несовесно работење во службата и/или злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг од страна на службените лица во конкретниот случај, а кои кои би можеле да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Глава триесетта - Кривични дела против службената должност од Кривичниот законик на Република Северна Македонија.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 19 Февруари 2021 година под бр. ___________/_______**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

По заклучок на ДКСК
Изработил: Х.М., Советник
Одобрил : м-р Шемши Салаи, Член на ДКСК

Доставено до :
- Архива